**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – KUZEY MAKEDONYA CUMHURİYETİ**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА – MERKEZ JUPA BELEDİYESİ**
**Бр. No. 04-280/10**
**10.07.2025 г/yılı**

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Сл. Весник на РМ“ бр,27/14, 199/24, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/18, Службен весник на РСМ бр.275/19, 14/20, 215/20,99/22 и 208/24) и Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас бр.344/2025под.бр.04-1084/7 од 14.05.2025 година, Секретарот на Општина Центар Жупа постапувајќи по службена должност донесе:

# ОДЛУКА

## За невршење на избор на кандидат за административен службеник по пат на јавен оглас

1. Во врска со јавниот оглас бр.344/2025 година за потребата од вработување на административен службеник во општина Центар Жупа, објавен на 26.05.2025 година на интернет страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Вечер“, “Нова Македонија“ и „Коха“. За работно место УПР 0101В04000 Помлад соработник за подготовка на материјалите за седници на Совет , во одделение за правни , општи работи и јавни дејности , (1) извршител, **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР**, поради тоа што нема кандидат кој се квалификува за вработување.

2. Оваа одлука стапува на сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на објавениот Јавен оглас бр.344/2025 за потребата од вработување на административен службеник во општина Центар Жупа, објавен на 26.05.2025 година на интернет страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Вечер“, “Нова Македонија“ и „Коха“. За работно место УПР 0101В04000 Помлад соработник за подготовка на материјалите за седници на Совет , во одделение за правни , општи работи и јавни дејности , (1) извршител

Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас формирана со решение бр. 10-1084/3 од 12.06.2025 година ја спроведе постапката за вработување составена од административна селекција, испит за административен службеник, проверка на веродостојноста на докази и интервју.

На 13.06.2025 година Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас бр.344/2025 во просториите на Агенција за администрација изврши административна селекција за што изготви записник за извршена административна селекција за административен службеник бр.10-1084/4 од 13.06.2025 година.

Адреса-Adres : Центар Жупа – 1258 – Merkez Jupa ( Tel. 046/840-239, fax. 046/840-353 )
web site: www.merkezjupa.gov.mk ,
e-mail: merkezjupa@hotmail.com

На ден 30.06.2025 година во просториите на Агенција за администрација беше спроведен испитот за административен службеник, за што беше составен записник бр.10-1084/5 од 30.06.2025 година.

На ден 04.07.2025 година во просториите на Агенција за администрација се спроведе постапка за проверка за веродостојност на докази и интервју , за што беше составен записник бр.10-1084/6 од 04.07.2025 г.

Од доставената конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција бр.10-1084/7 од 14.05.2025 година и предлог кандидати за вработување за работно место УПР 0101В04000 Помлад соработник за подготовка на материјалите за седници на Совет , во одделение за правни , општи работи и јавни дејности , е констатирано дека нама кандидат кој се квалификува за горенаведеното работно место , по што се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против Одлука за избор незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:
Агенција за администрација
Архива на општина Центар Жупа

*Изготвил: Сенада Ракиповска*

**СЕКРЕТАР**
**НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА**
**М-р Еран Зубер**

Адреса-Adres : Центар Жупа – 1258 – Merkez Jupa ( Tel. 046/840-239, fax. 046/840-353 )
web site: www.merkezjupa.gov.mk ,
e-mail: merkezjupa@hotmail.com